РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 67 став (5) од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 248/23), генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија донесе

# ЕТИЧКИ КОДЕКС

## на Службата на Собранието на Република Северна Македонија

### I. Општи одредби

**Предмет**
**Член 1**

Со овој кодекс се пропишуваат основните етички правила и стандарди на однесување на Службата на Собранието на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Службата).

**Опфат**
**Член 2**

Етичките правила и стандарди на однесување пропишани со овој кодекс се однесуваат на собраниските службеници и лицата вработени во Службата кои вршат помошно-технички работи (во натамошниот текст: вработените во Службата).

Етичките правила и стандарди на однесување пропишани со овој кодекс треба да ги почитуваат и посебните советници, надворешните соработници и лицата ангажирани на друг начин во Собранието на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Собранието), како и практикантите и волонтерите.

**Цел**
**Член 3**

Целта на овој кодекс е зачувување, афирмирање и унапредување на достоинството и угледот на Собранието, како и поттикнување на доброто постапување и однесување на вработените во Службата и зајакнување на довербата на граѓаните во работата на Собранието.

**Примена**
**Член 4**

Етичките правила и стандарди на однесување пропишани со овој кодекс, вработените во Службата ги применуваат во односите со пратениците во Собранието, колегите и со претпоставените, на нивното работно место, во приватниот живот и јавноста.

## II. Етички правила и стандарди на однесување

### Член 5

Однесувањето на вработените во Службата треба да се темели врз принципите на законитост, професионалност, непристрасност, недискриминација, политичка неутралност, спречување на корупција и судир на интереси, економично и ефикасно користење на ресурсите, забрана за злоупотреба на статусот и информациите, транспарентно и одговорно постапување со информации, предмети и документи, личен интегритет, одговорно однесување на работното место, приватниот живот и во јавноста, добро однесување со колегите и со претпоставените и пристојно облекување.

### Законитост

### Член 6

(1) Вработените во Службата во своето работење ги почитуваат и доследно го применуваат Уставот на Република Северна Македонија, законите, Деловникот на Собранието, другите прописи донесени врз основа на закон, меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот, како и интерните правила и акти на Собранието.

(2) Вработените во Службата не подлегнуваат на притисоци за извршување на противуставни и незаконити работни задачи од претпоставениот или друго лице, ниту пак подлегнуваат на притисоци и закани за да сторат или не сторат, односно пропуштат нешто и на тој начин да доведат до појава на корупција, непотизам, состојба на судир на интереси или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се загрозува или повредува јавниот интерес.

### Професионалност

### Член 7

(1) Вработените во Службата ги извршуваат работите професионално, стручно и посветено, врз основа на своите работни компетенции и согласно правилата и процедурите во Службата.

(2) Вработените во Службата ја извршуваат работата самостојно и навремено, посветувајќи внимание и почитувајќи ги приоритетите и редоследот на задачите.

(3) Вработените во Службата се однесуваат одговорно и со своето работење работат на градење и одржување на општото добро, растот и општествените вредности, создавајќи услови за одржлив човечки и социјален развој.

(4) Вработените во Службата работат на своето континуирано усовршување и зајакнување на работните компетенции, преку учество на работни состаноци, обуки и други видови на стручно оспособување и усовршување, со цел личен напредок и зголемување на ефикасноста во работата на Службата.

(5) Вработените во Службата треба достојно да го претставуваат Собранието и да го користат наученото за подобрување на својата работа и развојот на Собранието и да придонесуваат во градењето и одржувањето на институционалната меморија.

**Непристрасност**
**Член 8**

(1) Вработените во Службата во работењето и во однесувањето постапуваат без предрасуди и се воздржуваат од какви било дејствија кои овозможуваат или значат привилегиран третман по која било основа.

(2) Вработените во Службата во работењето и однесувањето не се раководат од лични, семејни, верски, партиски или етнички интереси, ниту од притисоци или ветувања од претпоставениот или од друго лице.

**Недискриминација**
**Член 9**

Вработените во Службата во работењето и однесувањето овозможуваат остварување на уставно загарантираните права на еднаквост и недискриминација, преку создавање на можности и почитување на различностите, како и заштита од неправда, злоупотреба и дискриминација по кој било основ.

**Политичка неутралност**
**Член 10**

(1) Вработените во Службата ги извршуваат работните задачи политички неутрално.

(2) Вработените во Службата во вршењето на работните задачи не ги застапуваат и изразуваат своите политички уверувања и не вршат политичко-партиски активности.

(3) Вработените во Службата не ги истакнуваат, ниту наметнуваат на други своите политички определби.

**Спречување корупција**
**Член 11**

(1) Вработените во Службата во работењето и однесувањето постапуваат без намера за остварување на лична корист или намера за извршување на коруптивни дејствија.

(2) Вработените во Службата не толерираат корупција и согласно закон го пријавуваат секое давање, понуда или ветување за поткуп, награда, подарок или друга корист или противзаконито влијание.

**Спречување судир на интереси**
**Член 12**

(1) Вработените во Службата при вршење на своите работни задачи внимаваат да не се стават во состојба на судир на интереси и преземаат мерки за негово одбегнување.

(2) Вработените во Службата не учествуваат во процесите на одлучувањето и донесувањето на одлуките во кои тие или член на нивното семејство, други роднини, пријатели, соработници или други лица кои би можеле да се поврзат со нив имаат финансиски или друг интерес.

(3) Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, вработените во Службата ги преземат сите неопходни мерки за да го спречат влијанието на нивниот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на нивните работни задачи и должности и за тоа известуваат согласно закон.

**Користење на ресурси**
**Член 13**

(1) Вработените во Службата кон ресурсите што им се дадени на користење, како и во вршењето на работата, се однесуваат рационално, економично и ефикасно, користејќи ги исклучиво за службени потреби.

(2) Вработените во Службата спречуваат незаконито располагање со ресурсите, се грижат за преземање на соодветни мерки за осигурување на безбедноста на доверените работни материјали, како и за отстранување на можностите за предизвикување на материјална штета.

**Злоупотреба на статусот и информациите**
**Член 14**

(1) Вработените во Службата при вршење на приватни работи не ги користат предностите кои произлегуваат од статусот на собраниски службеник заради остварување на лична корист.

(2) Вработените во Службата не ги злоупотребуваат информациите до кои дошле при вршење на работата со цел напредување, заслуга или остварување на друг личен интерес.

(3) Вработените во Службата не нудат, ниту обезбедуваат какви било предности кои по кој било основ би биле поврзани со статусот на собраниски службеник или предност или друга корист што може да се подведе под корупција.

**Постапување со информации, предмети и документи**
**Член 15**

(1) Вработените во Службата со информациите до кои доаѓаат во своето работење постапуваат на начин што го обезбедува почитувањето на прописите за заштита на класифицирани информации, правото на приватност и заштитата на личните податоци.

(2) Вработените во Службата се грижат за безбедноста на доверените предмети и документи и преземаат мерки за спречување на неовластен пристап и увид во нив.

**Личен интегритет**
**Член 16**

(1) Вработените во Службата со личен пример ги промовираат вредностите на вистинитост, чесност и правичност и ги поттикнуваат другите да постапуваат согласно овие вредности.

(2) Вработените во Службата со личен пример промовираат и поттикнуваат јакнење на личниот и институционалниот интегритет, особено заради спречување и борба против корупцијата.

**Однесување на работното место, приватниот живот и во јавноста**
**Член 17**

(1) Вработените во Службата ја разбираат и доживуваат работата во Службата како одговорна, угледна и почитувана професија.

(2) Овозможувајќи го остварувањето на правото на градење на сопствен став и јавно изразување на мислење, вработените во Службата се воздржуваат од давање на штетни изјави за Собранието.

(3) Вработените во Службата, во приватниот живот и во јавноста се однесуваат достоинствено и не постапуваат на начин со кој би се нарушил нивниот личен углед и угледот на Собранието.

(4) Во однесувањето и дејствувањето надвор од работата, во претставувањето на јавни настани, на социјалните мрежи или во каков било друг облик на комуникација, вработените во Службата претставуваат пример за соодветно и достоинствено однесување.

(5) Вработените во Службата водат кратки и концизни службени телефонски разговори, додека приватните телефонски разговори не ги водат во присуство на надворешни лица.

(6) Вработените во Службата во јавните настапи во кои го претставуваат Собранието изнесуваат официјални ставови на Собранието во согласност со прописите, добиените овластувања и овој кодекс. Во јавните настапи во кои не го претставуваат Собранието не изнесуваат податоци од делокругот на работата на институцијата и работното место со кои би се нарушил угледот на Собранието.

**Однесување со колегите и претпоставените**
**Член 18**

(1) Вработените во Службата во односот со колегите го негуваат духот и начелата на тимска работа, взаемно почитување и доверба, почитување на различностите, солидарност и соработка. Се почитува приватноста и дискрецијата на колегите и претпоставените.

(2) Комуникацијата и соработката се одвива на начин кој не го повредува достоинството и личниот интегритет, туку придонесува за создавање на пријатна работна атмосфера, толерантност, транспарентност. Во комуникацијата со колегите, вработениот не го повишува тонот, не навредува, ги избегнува конфликтните ситуации и покажува иницијатива за нивно спречување.

(3) Вработените во Службата во односот со претпоставените, го почитуваат нивниот авторитет и положба, покажувајќи разбирање за воведување на технички, организациски и друг вид на промени.

**Пристојно облекување**
**Член 19**

(1) Вработените во Службата посветуваат внимание на изгледот и начинот на облекување, за да не предизвикаат впечаток на непристојност и нарушување на угледот на Собранието. Облеката на вработените треба да биде чиста, формална и уредна. Формалниот и пристоен начин на облекување ја изразува почитта на вработените кон Службата, но и кон колегите и претпоставените.

(2) Вработените во Службата се должни на работа да доаѓаат со соодветен избор на лична гардероба што подразбира пристојно одбрана облека со боја, дезен и крој кои не предизвикуваат особено внимание.

## III. Спроведување на Етичкиот кодекс

### Изјава за прифаќање на Етичкиот кодекс
### Член 20

Вработените во Службата потпишуваат изјава за прифаќање на овој кодекс, која е дадена во прилог и е составен дел на овој кодекс.

### Повереник за етика
### Член 21

(1) Генералниот секретар на Собранието назначува повереник за етика во Собранието.

(2) Повереникот за етика се назначува од редот на вработените во Службата.

(3) Податоците за повереникот за етика се објавуваат на веб страницата на Собранието.

### Член 22

Задачи на повереникот за етика се:

1. ја следи примената на овој кодекс;
2. го промовира етичкото однесување во меѓусебните односи помеѓу вработените;
3. ги прима пријавите за неетичко однесување и постапување на вработените и во рок од седум дена ги проследува до Етичкиот комитет;
4. води евиденција за примените пријави за неетичко однесување;
5. ја преиспитува основаноста на пријавата за неетичко однесување и доставува извештај до Етичкиот комитет.

### Поднесување на пријава за неетичко однесување
### Член 23

(1) Вработените во Службата можат да поднесат до повереникот за етика пријава за неетичко однесување за кое сметаат дека е спротивно на одредбите на овој кодекс.

(2) Пријавата се поднесува за однесувањето на вработен во Службата кој не ги почитува одредбите од овој кодекс и истата се поднесува по писмен пат до повереникот за етика.

(3) Во случај кога пријавата за неетичко однесување се однесува на повереникот за етика, пријавата се поднесува до Етичкиот комитет.

(4) Пријавата содржи: име и презиме на подносителот на пријавата, име и презиме на вработениот во Службата на кого се однесува и датум на преземање на дејствието за наводна повреда на некој од основните принципи, односно неетичкото однесување, детален опис на преземеното дејствие, односно однесување, своерачен потпис на подносителот и датум на поднесување на пријавата. Во прилог на пријавата може да се доставаат и докази, во зависност од оцената на подносителот.

(5) Податоците содржани во пријавата се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

**Постапување по поднесена пријава**
**Член 24**

(1) По примената пријава, во рок од 30 дена од приемот на пријавата, повереникот за етика е должен да поведе постапка за испитување на основаност на пријавата и да подготви предлог одговор на пријавата.

(2) За секоја поднесена пријава, повереникот за етика подготвува извештај до Етичкиот комитет и во прилог доставува: писмена изјава од вработениот за кој се однесува пријавата, изјави од други вработени и останати соодветни докази за утврдување на основаноста на пријавата, како и предлог одговор на пријавата.

**Заштита на повереникот за етика**
**Член 25**

(1) Повереникот за етика не може да биде повикан на одговорност, ниту доведен во неповолна положба во однос на другите вработени, заради извршување на оваа должност.

(2) За време на постапката за испитување на основаноста на пријавата, доколку е потребно повереникот за етика може да биде ослободен од редовните работни обврски.

**Етички комитет**
**Член 26**

(1) Генералниот секретар на Собранието формира Етички комитет за следење на примената на овој кодекс.

(2) Етичкиот комитет е независно тело кое дава мислење за начинот на примена на одредбите од овој кодекс и постапува по доставените пријави од повереникот за етика.

(3) Етичкиот комитет е составен од координатор и шест члена, кои се од редот на раководните собраниски службеници.

**Член 27**

(1) Задачи на Етичкиот комитет се:

1. соработува со повереникот за етика и му дава насоки за работа;
2. ја разгледува поднесената пријава од повереникот за етика, заедно со приложените докази;
3. дава одговор на поднесената пријава;
4. ги следи меѓународните стандарди од областа на етичкото однесување на вработените и дава предлози за подобрување на етичките стандарди во согласност со меѓународната практика.

(2) Етичкиот комитет се состанува најмалку еднаш во годината, како и за секое известување за поднесена пријава за неетичко однесување.

(3) Во зависност од видот и тежината на повредата, Етичкиот комитет може да поднесе иницијатива за поведување на дисциплинска постапка до непосредно претпоставениот раководител на вработениот против кој е поведена постапката.

(4) Координаторот на Етичкиот комитет ја потпишува целокупната документација која произлегува од работата на Комитетот.

## IV. Непочитување на одредбите од Етичкиот кодекс

**Член 28**

(1) За непочитување на одредбите од овој кодекс, вработените во Службата одговараат дисциплински согласно закон.

(2) Во врска со конкретен случај на непочитување, односно сомневање за непочитување на одредбите од овој кодекс од страна на вработен во Службата, се обезбедува мислење од Етичкиот комитет.

(3) Обезбедувањето на мислењето од ставот (2) на овој член не се смета за основ или причина за одолговлекување на постапката и не влијае на текот на постапката уредена со закон.

## V. Завршна одредба

**Член 29**

Овој кодекс влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб страницата на Собранието.

**Број** 01-552/1
29.01.2025 **година**
**Скопје**

**Генерален секретар,**
**Марина Димовска**

*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ПРИЛОГ**

## Изјава за прифаќање на Етичкиот кодекс на Службата на Собранието на Република Северна Македонија

Јас ______________________________________ (име и презиме) вработен/а во Службата на Собранието на Република Северна Македонија, во Секторот за ________________________________, на работно место __________________________________ го прочитав, ја разбирам целосно содржината и го прифаќам Етичкиот кодекс на Службата на Собранието на Република Северна Македонија.

Свесен/а сум за мојата обврска постојано да се придржувам и да ги почитувам основните етички правила и стандарди на однесување пропишани со Етичкиот кодекс и изјавувам дека со своето однесување давам пример на колегите и моето опкружување.

Почитувањето на етичките правила и стандарди во работењето и реализација на задачите и надлежностите на Собранието на Република Северна Македонија води кон остварување на неговата мисија што придонесува за одговорно општеството и создавање најдобри услови за одржлив човечки, социјален и економски развој.

Скопје, _________ година

_________________________

Име, презиме и потпис